РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
бр. 18-386/4
03.02.2026 год
КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/3-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15) решавајќи по барање бр. 18-386/1, 22.01.2026г. од Сојуз за младинска работа , ул. ,,Широк Дол,,бр. 3а/9, 2000 Штип, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР**, се уважува барањето бр.18-386/1, 22.01.2026г. од Сојуз за младинска работа , ул. ,,Широк Дол,,бр. 3а/9, 2000 Штип.

Бараните информации му се доставуваат на барателот со акт-бр.18-386/3, 02.02.2026г. кој е прилог на решението.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Барателот Сојуз за младинска работа , ул. ,,Широк Дол,,бр. 3а/9, 2000 Штип. достави барање на имеил наш број бр.18-386/1, 22.01.2026г.. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019).

Со барање бр.18-386/1, 22.01.2026г. барателот бара повеќе различни информации од јавен карактер во и тоа:

1. Дали е формиран Локален младински совет?
2. Доколку е формиран ЛМС: да ни ја доставите документацијата за неговото формирање: јавниот повик за избор на членови на ЛМС; одлуките за избор на членови; моменталниот состав на ЛМС.
3. Доколку НЕ Е формиран ЛМС: кои се причините што до овој момент не е формиран ЛМС; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?
4. Дали е назначен службеник за млади во општината и негови контакт податоци: email адреса и телефонски број?
5. Дали е формиран младински центар?
6. Доколку е формиран младински центар: да ни ги доставите одлуката за негово формирање, одлука за избор на организација које ќе раководи со МЦ, контакт информации за организацијата која управува со него, извештај за работата на сите

претходни години во кои работел центарот, програма за работа за 2026та година, податоци за издвоени средства од буџетот за 2024, 2025 и 2026та година?

7. Доколку не е формиран младински центар: кои се причините што до овој момент не е формиран ЛМЦ; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?
8. Дали е усвоена локална стратегија за млади?
9. Доколку е, да ни ја доставите стратегијата и акцискиот план.
10. Доколку не е, кои се причините што до овој момент не усвоена Локална стратегија за млади; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?

Информациите што се барат од страна на барателот се информации од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), и ажурираната листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка.

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-386/3 од 02.02.2026 година, кој претставува составен дел (прилог) на ова Решение, од одделението за локален економски развој и евроинтеграции.**

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр.18-386/3
02.02.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА
КРИВА ПАЛАНКА
www.krivapalanka.gov.mk

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

Ф 8.5/3-2

**ОД**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛЕР И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**До службено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер**

## ПРЕДМЕТ: ДОСТАВА НА ИНФОРМАЦИИ

Согласно Вашето барање бр. 18-386/1, 22.01.2026г. со кое барате испорака на информација од јавен карактер а во врска со Барање од Сојуз за младинска работа, ул. ,,Широк Дол,,бр.3а/9-Штип, ви ја доставуваме бараната информација и тоа:

- **Информација за точка 1. од барањето**
  Да, Општина Крива Паланка има формирано Локален Младински Совет
- **Информација за точка 2 од барањето**
  Бараната документација е во прилог на актот
- **Информација за точка 3 од барањето**
  Службеник за млади во општина Крива Паланка е вработената
  Сања Станковска,
  email: sstankovska@krivapalanka.gov.mk
  тел 071 332 072
- **Информација за точка 5 од барањето**
  Не е формиран младински центар
- **Информација за точка 7 од барањето**
  Нема соодветен простор за формирање на младинскиот центар. По изнаоѓање просторот ќе се работи на подготовка на процес на уредување на истиот.
- **Информација за точка 8 од барањето**
  Општината има усвоено Стратегија за млади 2019-24 година
- **Информација за точка 9 од барањето**
  (https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Strategija_za_mladi_2019-2024.pdf)
  Во моментот се прави подготовка за изработка на нова Стратегија за млади за периодот 2026-2030 година

Со почит.

Место и датум : 02.02.2026г.
Крива Паланка

**Општина Крива Паланка**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛЕР И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Р а к о в о д и т е л ,**
**Антонио Давитковски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 09 - 4285/7
01.10 2024 год
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 18 став (1) и став (2) од Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/2020) и член 38-г од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023, 05/2024, 09/2024), Локалното собрание на млади на Општина Крива Паланка распишува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Се покренува постапка за избор на членови на Советот на млади на Општина Крива Паланка.

Советот на млади на Општина Крива Паланка е тело кое има советодавна и застапувачка улога во Општина Крива Паланка, основано заради активно учество на младите во јавниот живот на општината, со цел подобрување на положбата на младите на локално ниво и решавање на прашања од интерес на младите во Општина Крива Паланка.

Советот на млади на Општина Крива Паланка брои 5 членови.

Советот на млади од своите редови избира претседател/ка и заменик-претседател/ка.

Членовите на Советот на млади на Општина Крива Паланка се бираат со мандат од две години.

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

На Јавниот повик право на учество имаат претставници на: граѓански организации и младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации кои се активни на територијата на Општина Крива Паланка.

Критериуми кои треба да ги исполнуваат младите лица кои имаат желба и интерес да се вклучат во Советот на млади:

- **да се жители на Општина Крива Паланка;**
- **да бидат на возраст од 15-29 години;**
- **да се креативни и поседуваат искуство во областа: работа со млади и младински организации.**

## 3. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Аплицирањето по однос на јавниот повик се врши електронски на следната емаил адреса: opkp@krivapalanka.gov.mk или во печатена форма во архивата на Општина Крива Паланка (ул.„Св.Јоаким Осоговски" бр.175) со ознака Апликација за членство во Советот на млади на Општина Крива Паланка.

Апликантите задолжително треба да ги достават следните документи:

- **Мотивационо писмо;**
- **Кратка биографија CV (во која задолжително ќе бидат наведени активностите во областа: работа со млади и младински организации);**
- **Кратка програма и визија за сопствено учество во Советот на малади;**
- **Писмен предлог за номинација на член поднесен од младинска организација;**

- **Портфолио за работа на организацијата/групата/здружението.**

Нема да бидат разгледувани пријавите доставени по истекот на рокот на Јавниот повик.

Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

**Јавниот повик трае 15 дена од денот на објавувањето односно од 01.10.2024 до 15.10.2024 година.**

**Поднесените апликации ќе ги разгледа Локалното собрание на млади. Предложените кандидати за кои младинските организации поднеле уредни пријави ќе бидат поканети на куса презентација на своите програми пред членовите на Локално собрание за млади, по што следува постапката на тајно гласање.**

Резултатите од Јавниот повик ќе бидат објавени на веб страната на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk).

**4. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

Дополнителни информации во врска со Јавниот повик може да се добијат на тел.031/375-035

**Локално собрание на млади**
**Претседавач,**
**Ангела Илиевска**

------------------------------------

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-465/1
27.01 2026 год
КРИВА ПАЛАНКА



Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 8/10, 12/10, 8/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24, 09/24), а во врска со член 23 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/2020), Градоначалникот на Општина Крива Паланка го издава следното

# ОВЛАСТУВАЊЕ

**СЕ ОВЛАСТУВА** Сања Станковска, вработена на работно место Виш соработник за подготовка и анализа на проекти и НВО во Одделение за локален економски развој и евроинтеграции / Сектор за локален економски развој и финансиски прашања при Општина Крива Паланка, да извршува работни задачи и обврски од делокругот на Службеник за млади, согласно со член 23 од Законот за младинско учество и младински политики.

Овластеното лице, согласно добиеното овластување како Службеник за млади ќе ги извршува следните работни задачи и обврски:

- развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики;
- поддршка на работата на единицата на локалната самоуправа, локалниот младински совет, неговите членови, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност;
- одржување на комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите;
- следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на органот на државната управа, општината, консултации со млади и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите;
- обезбедување информации и информирање на младите;
- водење на база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи
- редовна комуникација со Министерството за социјална политика, демографија и млади;
- да биде контакт за сите младински прашања на органот на државната управа, локалната самоуправа кон младите и јавноста;
- да биде одговорен за работата на Канцеларијата за млади;

Овластувањето нема временско ограничување.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр 08-170/1
09-09 2025 год
КРИВА ПАЛАНКА


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел:++389 (0) 31 375 035 Факс:++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

www.krivapalanka.gov.mk


Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (,, службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,, Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24, 09/24) а во врска со член 21 од Законот за младинско учество и младински политики (,, Службен весник РСМ " бр. 10/2020) Градоначалникот на Општина Крива Паланка го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на канцеларија за млади**

1.Со ова Решение се формира **Канцеларија за млади** од каде ќе се координира работатата за млади во Општина Крива Паланка.

2. Канцеларијата располага со технички и просторни услови , кои ќе бидат ставени на располагање на Локалниот младнски совет за непречена работа, одржување средби и координација на ЛМС.

3. Службеникот за млади ќе ја координира работата за млади преку канцеларијата која ќе претставува примарна точка за пристап на младите кон Општина Крива Паланка.

4. За **канцеларија за млади** се определува канцеларијата во која е сместена Службеникот за млади која се наоѓа во старата зграда на Општина Крива Паланка.

5. Решението влегува на сила од денот на неговото донесување.

изготвил:Даниела Милошевска
одобрил: Антонио Давитковски

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**САШКО МИТОВСКИ**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на млади на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на млади на Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 46-та седница, одржана на ден 14.11.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –5684/ 30**
**15.11.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 14 став (1) точка (41) и член 38-г став (13) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023, 05/2024 и 09/2024) и член 18 став (5) од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 14.11.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за верификација на мандатите на членовите на Советот на млади на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши верификација на мандатите на членовите на Советот на млади на Општина Крива Паланка и тоа:

- **Никола Митовски** од ЗГ Спектар
- **Михаела Јанковска** од ЦМИ Цик - Цак - Крива Паланка;
- **Анастасија Илиевска** од Црвен крст на Република Северна Македонија, Општинска организација Крива Паланка;
- **Сара Стојановска** од Пингпонграскот клуб Крива Паланка,
- **Нина Стојановска** од Служба за спасување и помош СПАСИТЕЛ

**Член 2**

Мандатот на членовите на Советот на млади на Општина Крива Паланка трае две години со право на уште еден избор.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува на сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 5684/29**
**14.11.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**